**3068.**

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за мирно решавање на работните спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.87/07 и 27/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТАРОТ НА ПОМИРУВАЧИ И АРБИТРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на помирувачи и арбитри (во натамошниот текст: Регистарот).

Член 2

Регистарот се води во писмена и електронска форма.

Регистарот се води на образец во писмена форма како посебна тврда подврзана книга со корици во црвена боја, во А4 формат, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Регистарот се води и електронски врз основа на изготвена апликативна програма.

Податоците од став 3 на овој член се заштитени од неовластени измени согласно принципите на електронска заштита на податоци.

Член 3

Регистарот на корицата го содржи грбот на Република Македонија, назив: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА" и наслов „РЕГИСТАР НА ПОМИРУВАЧИ И АРБИТРИ".

Првата страна од Регистарот содржи 8 рубрики, и тоа: реден број; име и презиме на помирувачот, односно арбитерот; адреса; стручна подготовка; број и датум на доделување на лиценцата; број и датум на упис во Регистарот; број и датум на бришење во Регистарот и потпис на овластено лице.

Секоја страница од Регистарот се означува со реден број. Страната 1 се повторува до страна 100.

Член 4

Запишувањето на податоците во Регистарот се врши со темно сино мастило.

Во случај на погрешно запишување се врши исправка на тој начин што со црвено мастило преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија, така што погрешно внесениот податок да остане читлив и над него се внесува точен текст.

Секое запишување во Регистарот се потпишува од страна на службеното лице што го води Регистарот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-5362/1
4 јуни 2015 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Диме Спасов,** с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# РЕГИСТАР
# НА ПОМИРУВАЧИ И АРБИТРИ

| Реден бр. | Име и презиме на помирувачот, односно арбитерот | Адреса | Стручна подготовка | Број и датум на доделување на лиценцата | Број и датум на упис во Регистарот | Број и датум на бришење од Регистарот | Потпис на овластено лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Страната 1 се повторува до страна 100.